Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 162/3
13-04-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 162 од 21.03.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 12.04.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 162 од 21.03.2022 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 23.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted]".

Од причина што претставката не содржеше доволно податоци за лицето против кое беше поднесена, на 21.03.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
12.04.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]